ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бр.2 – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 08-132/8
06.02.2026

ИЗВЕСТУВАЊЕ/ ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Во врска со јавните повици број; 08-3390/1 од 29.12.2025 година; 08-3392/1 од 29.12.2025 година; 08-3394/1 од 29.12.2025 година и 08-3396/1 од 29.12.2025 година, објавени од страна на Советот на Општина Македонска Каменица **за избор на членови на Управен одбор и Надзорен одбор во ЈП,,Камена Река,,Македонска Каменица и во ЈП,,Доминг,,Македонска Каменица**, Комисијата за селекција ги известува сите кандидати кои поднеле пријави дека **втората фаза од селекцијата – интервју** ќе се спроведе во следните денови:

1.За избор на членови на Управен и Надзорен одбор во **ЈП,,Камена Река,,** Македонска Каменица на ден **10.02.2026 година (вторник**) со почеток во 17 часот во салата за состаноци во Општина Македонска Каменица;

2. За избор на членови на Управен и Надзорен одбор во **ЈП,,Доминг,,** Македонска Каменица на ден **11.02.2026 година (среда)** со почеток во 17 часот во салата за состаноци во Општина Македонска Каменица.

Се задолжуваат кандидатите за избор на членови на Управните и Надзорните одбори при спроведувањето на интервјуто да ги достават на увид во оригинал или копии заверени на нотар сите доставени документи со пријавата, согласно одлуката на Совет бр.08-319/1 од 03.02.2026 година.

Претседател на Комисија
Анета Темчева